РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Ep.-Nr. 08-114/1
27.07.2026 год.-viti
Ckonje - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 66-та седница одржана на 03.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Математички науки и примена", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

1. Се акредитира студиската програма „Математички науки и примена", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на математички науки и примена, VIII според НРВК / во меѓународен промет академски назив: PhD in Mathematical Sciences and Application, NQF VIII.

Научно-истражувачко подрачје: 1 Природно математички науки, 2 Инженерство и технологија; Научно-истражувачко поле: 1.01 Математика, 2.11 Друго инженерство и технологии; Научно-истражувачка област: 1.01.00.01 Математика, 1.01.00.02 Алгебра, 1.01.00.03 Веројатност и статистика, 1.01.00.04 Геометрија, 1.01.00.05 Анализа и диференцијални равенки, 1.01.00.06 Топологија, 1.01.00.07 Применета математика, 1.01.00.08 Образование по математика, 1.01.00.09 Друго (Нумерички методи, Тригонометрија, Нацртна геометрија).

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Татјана Атанасова Пачемска, проф. д-р Билјана Златановска, вонр. проф. д-р Елена Карамазова Гелова, вонр. проф. д-р Јасмина Вета Буралиева, вонр. проф. д-р Лимонка Коцева Лазарова, вонр. проф. д-р Марија Митева.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По претходно донесената Одлука бр. 0201-926/58 од 26.12.2025 година од страна на Сенатот на Универзитетот, за усвојување на студиската програма „Математички науки и примена", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 0809-107/2 од 14.01.2026 година (наш бр. 08 -114/1 од 22.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 47-та седница одржана на 29.01.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08-114/6 од 06.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024) и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 66-та седница одржана на 03.07.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков